***дефектолошка стручно-научна проблематика***

*Љупчо АЈДИНСКИ*

# КОНЦЕПЦИЈАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА ДЕФЕКТОЛОШКИТЕ КАДРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

## *Вовед*

Потребата за оспособување на дефектолошки кадри во Република Македонија се наметна со отварањето на првите специјални училишта, односно установи за деца со пречки во развојот веднаш по ослободувањето.

По овој повод ќе ја презентираме накусо само денешната концепција и организација во подготвувањето на дефектолошки кадри во Република Македонија.*

Во текот на 1991 година, беше усвоен Елаборат за состојбата и развојот на заштитата, образованието и рехабилитација на лица со пречки во развојот, врз кој предходно се работеше подолго време во организација на Сојузот на дефектолошките друштва на Република Македонија, а во кој со обемна студија се актуализираа потребите од формирање на високо образовна установа за подготвување на дефектолошки кадри во Република Македонија. Дотогаш, па и неколку години подоцна, потребните дефектолошки кадри за Македонија се оспособуваа на Дефектолошкиот факултет во Белград и во Загреб.

Во елаборатот што го поднесе Сојузот на дефектолошките друштва на Македонија до Владата на Република Македонија и до Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во 1992 година, за потребите од отварање на високо образовна установа за подготвување на дефектолошки кадри беше предвидено да се оформи Дефектолошки факултет што ќе подготвува два профили дефектолози:

- **клинички дефектолог и**
- **дефектолог едукатор за предучилишно воспитание и одделенска настава на деца со пречки во развојот.**

Од објективни причини, пред сé просторни, кадровски и финансиски, не можеше да се прифати предлогот за посебен факултет, но Ректорот прифати предлогот за оспособување на двата профила кадри и во врска со тоа поведе постапка до Медицинскиот факултет, за оспособување на први-

---

- Со оглед на постојните дилеми и различности во концепцијата и организацијата на образованието и оспособувањето на дефектолошки кадри, во наредните броеви од ова Списание ќе презентираме соодветни концепции во определени земји од светот.

от профил и до Филозофскиот факултет за оспособување на вториот профил кадри.

Медицинскиот факултет, исто така од објективни причини, пред сé кадровски, сé уште ги нема организирано студиите за подготвување на клинички дефектолог. Овој започнат процес се наоѓа во мирување.

Филозофскиот факултет го прифати предлогот на Ректорот за организирање на студии за подготвување на дефектолошки кадри за работа со деца од предучилишна и основноучилишна возраст, донесе Одлука и наставен план и програма. **Во октомври 1993 година, Советот на Универзитетот "Св. Кирил и методиј" во Скопје, донесе Одлука за започнување со работа на студиите во учебната 1993/94 год. што беше потврдено и од страна на Министерството за образование на Република Македонија.**

### *Краток осврт на текот и развојот на дефектолошките студии*

Студиите беа формирани како посебна насока при **Институтот за педагогија**, а во 1997 година, истите прераснаа во посебен **Институт за дефектологија.** Оваа промена од стручен аспект имаше суштински карактер не само заради осамостојувањето туку и поради ориjентацијата кон новоусвоениот наставен план да се оспособуваат дефектолошки кадри што ќе им одговараат на потребите за рехабилитација на децата со пречки во развојот.

Првата генерација студенти апсолвираа во јуни минатата 1997 година и веќе 8 од нив дипломираа.

Студиите траат 4 години, а се реализираат по посебен наставен план и програми. По завршување на студиите се добива стручно звање-**дипломиран дефектолог**.

Ваквиот стручен профил, како општ дефектолог се оспособува да изведува рехабилитациона и воспитно-образовна работа со деца со пречки во развојот (деца со оштетен вид, деца со оштетен слух, ментално ретардирани и телесно инвалидни деца) од предучилишна и основноучилишна возраст, во специјални рехабилитациони установи и специјални основни училишта.

Исто така дипломираниот дефектолог ќе може да работи како член на стручниот тим и во редовните предучилишни и училишни установи како во здраствените и социјално заштитните установи во кои се остваруваат процеси на заштита, образование и рехабилитација.

За ваквиот концепт за оспособување на општ дефектолог определбата ја детерминираа следниве причини:

**Прво**, малиот број на население (окулу 2 милиона во Републиката);

**Второ,** малиот број на установи за одделни видови на степени на попреченост (на пример, по една установа за лица со оштетен вид, за телесно инвалидни и сл.);

**Трето**, полесно вработување на дипломираните дефектолози; и

**Четврто,** ваквиот профил на дипломиран општ дефектолог повеќе одговара за неговото вклучување во редовните детски градинки и училишта, здравствени, социјални и други установи.

За успешно реализирање на ваквата концепција е предвидено и организирање на специјалистички студии за одделни дефектолошки подрачја што ќе започнат во учебната 1998/99 год. Имено, откако дипломираниот дефектолог ќе се вработи на работно место со определен вид и степен на попречност, тој може да се запише на специјалистички студии на определено дефектолошко подрачје, за понатамошно негово стручно усавршување. Времетраењето на специјалистичките студии се решава со наставниот план според видот на дефектолошкото подрачје.

Во рамките на институтот, исто така, се организираат и едногодишни дополнителни дефектолошки студии за предметни наставници. Овие студии се организираат како дополнително дефектолошко образование за предметни наставници што дипломирале на соодветен наставнички факултети, а работат или сакаат да работат со деца и младинци со пречки во развојот.

### *Наставни планови*

**Според наставниот план за редовните четиригодишни студиии се предвидени да се слушаат и полагаат 35 предмети и тоа:**

- Во I и II семестар: **општа дефектологија, општа педагогија, општа психологија, физиологија со функционална анатомија, филозофија, социологија, македонски јазик со култура на говорот, светски јазик и одбрана и заштита.**
- Во II и III семестар: **хумана генетика и невросихологија со психомоторна реедукација;**
- Во III и IV семестар: **предучилишна педагогија, историја на педагогијата со компаративна педагогија, развојна психологија, педагошка психологија, медицински основи на хедикипираноста, структурална дефектологија и општа логопедија;**
- Во IV и V семестар: **логика**
- Во V и VI семестар:**психологија на хендикепирани лица, дефектолошка дијагностика, ортопедагогија, дидактика со специјална дидактика, методика на ран третман и предучилишно воспитание на деца со пречки во развојот, методологија на истражување во дефектологијата и статистика;**
- Во VI и VII семестар: **социјална заштита на хендикепирани лица и економика на образованието;**
- Во VII и VIII семестар: **методика на одделенска настава со лесно ментално ретардирани ученици, методика на одделенска настава со глуви и наглуви ученици, методика на одделенска настава со телесно инвалидни ученици, методика на воспитна-образовна работа со**

**тешка и комбинирана хендикепираност, професионална ориентација и оспособување на хендикепирани лица и физичко воспитување.**

Според наставниот план е предвиден и еден од следните изборни предмети:

**домска воспитна образовна работа со хендикепирани ученици, социјална психологија, социјална педагогија и семејна педагогија.**

Во конципирањето и реализацијата на наставниот план им е дадена предност на вежбите и на практиката и тоа по три основи:

**Прво,** односот на бројот на часовите е 40:60, односно 40:70, во корист на вежбите и практиката;

**Второ,** вежбите се изведуваат исклучиво претпладне, а наставата попладне; и

**Трето,** студентите од трета и четврта година, во текот на учебната година имаат работна практика од 30 дена.

Наставата ја изведуваат наставници, асистенти и стручни соработници од институтот за дефектологија, другите институти при Филозофскиот факултет и други факултети на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и тоа:

- **14 редовни професори,**
- **5 вонредни професори,**
- **8 доценти,**
- **4 стручњаци од практика,**
- **4 асистенти во настава, и**
- **10 асистенти што изведуваат вежби.**

Покрај тоа за одделни дефектолошки предмети, секоја учебна година, по покана изведуваат настава и **8 професори од дефектолошките факултети од Белград и Софија.**

Секоја учебна година на Институтот за дефектологија со полагање на приемен испит се запишуваат 20 редовни и 4 вонредни студенти и определен процент на студенти со самофинансирање.

При крајот на 1997 година Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет донесе Одлука за организирање на постдипломски студии при Институтот за дефектологија за следните научни подрачја: општа дефектологија, олигофренологија, сурдологија, тифлологија, соматопедија и логопедија.

*Ljupco AJDINSKI*

**CONCEPTION AND THE ORGANIZATION FOR QUALIFYING OF THE DEFECTOLOGYESTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIAN**

In this work in short are given the basic postulate and determinations of the exiting conception and organization for qualifying the defectologyests in Republic of Macedonia, as well as review of the training conception for studies. In this context we like to underline that the duration of the studies are four years and after that the students could get bachelor degree of defectology. This profile of defectologyest is able to pursue rehabilitation and education of disabled children with various handicaps like: in seeing, in hearing, in psychical develop and with physical handicap, which also can be of preschool and primary school age in the institutes for rehabilitation and in the special primary schools. Also the defectologyest could work as part of professional teams in the regular educational institutes, in the institutes for social care, which are training the persons with developmental difficulties in specific ways.